ОСНОВЕН СУД
ВО ПРИЛЕП
ПРИМЕНО
на 23 FEV 2022 год.

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ
ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
Бр. 03-120
22.02.2022 год.
СКОПЈЕ

**До:**

Основен суд Прилеп

**БАРАЊЕ**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Основен суд Прилеп ги бараме следниве информации од јавен карактер, кои се однесуваат на периодот **2018-2021 година**:

1. **Колку предлози за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство се поднесени до судот во периодот 2018-2021 година? Ве молам податоците доставете ги разделени по години, вид на привремена мерка, пол/род на сторител и пол/род на жртва.**

2. **Колку решенија за изрекување на привремени мерки за заштита се изречени во случаи на семејно насилство во периодот 2018-2021 година? Ве молам податоците доставете ги разделени по години, вид на привремена мерка, пол/род на сторител и пол/род на жртва.**

3. **Во периодот 2021 година колку тужби се поднесени до вашиот суд кои се однесуваат на утврдување на повреда на принципот на должно внимание на државни институции во постапување во случаи на заштита на жртвите на родово-базирано насилство? Ве молам податоците доставете ги разделени по форми на насилство заради кои се бара утврдување на повреда на принципот на должно внимание.**

4. **Во периодот 2021 година колку пресуди се донесени за утврдување на повреда на принципот на должно внимание на државни институции во постапување во случаи на заштита на жртвите на родово-базирано насилство? Ве молам податоците доставете ги разделени по форми на насилство заради кои се бара утврдување на повреда на принципот на должно внимание.**

5. **Во периодот 2018-2021 година колку тужби за надомест на штета во случаи на родово-базирано насилство и семејно насилство, согласно член 87 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство се поднесени до вашиот суд?**

6. **Во периодот 2018-2021  2021 година колку пресуди за надомест на штета во случаи на родово-базирано насилство и семејно насилство, согласно член 87 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство се донесени во вашиот суд?**

7. **Во периодот 2018-2021 година, колку предлози за процесирање на кривични дела поврзани со родово базирано и семејно насилство се поднесени до Судот? Ве молам наведете број на предлози за процесирање на кривичните дела разделени по години, членови од КЗ, жртви и сторители. (член 123, 125, 130, 131, 139, 140, 144, 189, 191 од КЗ)**

8. **Во периодот 2018-2021 година, колку пресуди за кривични дела поврзани со родово базирано и семејно насилство се донесени од страна на Судот? Ве молам наведете број на пресуди за кривични дела разделени по години, членови од КЗ, сторител и жртва. (член 123, 125, 130, 131, 139, 140, 144, 189, 191 од КЗ)**

Форма во која се бара информацијата:

а) увид

б) препис

в) фотокопија

**г) електронски запис**

д) друго-----------------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:

**а) по пошта**

б) телефон

в) факс

**г) е-маил**

д) друго-----------------------------------------------------------------------

[redacted]

ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

ИНФОРМАЦИЈА

Во периодот 2018-2021 година, во Основен суд Прилеп за кривични дела поврзани со родово базирано и семејно насилство поднесени се:

по чл. 123 – 2
по чл. 125 – 0
по чл. 130 – 92
по чл. 131 – 2
по чл. 139 - 0
по чл. 140 – 1
по чл. 144 – 54
по чл. 189 – 2
по чл. 191- 0

Во периодот 2018-2021 година, во Основен суд Прилеп за кривични дела поврзани со родово базирано и семејно насилство решени се:

по чл. 123 – 2
по чл. 125 – 0
по чл. 130 – 86
по чл. 131 – 2
по чл. 139 - 0
по чл. 140 – 1
по чл. 144 – 46
по чл. 189 – 1
по чл. 191- 0

01.03.2022 год.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Основен суд Прилеп**
**Сл-Вонпарнично и оставина**
**Дата: 24.02.2021 година**
**ПРИЛЕП**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ: Одговор барање за пристап до информации од јавен карактер од 23.02.2022 година**

Во врска со барањето за пристап до информации од јавен карактер на Хелсиншки комитет за човекови права Скопје бр.03-120 од 22.02.2022 година примено во Основен суд Прилеп на ден 23.02.2022 година во врска со точките 1 и 2 од истото, Ви ги доставувам следните податоци:

1. Во периодот од 01.01.2018 година до 31.12.2021 година во евиденцијата на Основен суд Прилеп се евидентирани 111 предлози за издрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство.
   Од кои:
   - во 2018 година поднесени се 27 предлози
   - во 2019 година поднесени се 21 предлог
   - во 2020 година поднесени се 35 предлози
   - во 2021 година поднесени се 28 предлози

2. Во периодот од 01.01.2018 година до 31.12.2021 година се донесени 111 решенија за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство.
   Од кои:
   - во 2018 година со 23 решенија се изречени привремени мерки за заштита од семејно насилство а во 3 предмети е донесено решение за за одбивање на предлогот за изрекување на привремени мерки
   - во 2019 година со 20 решенија се изречени привремени мерки за заштита од семејно насилство, во 1 предмет е донесено решение за повлекување на предлогот и со 1 решение привремените мерки за заштита од семејно насилство се укинати
   - во 2020 година со 33 решенија се изречени привремени мерки за заштита од семејно насилство, во 1 предмет е донесено решение за повлекување на предлогот и во 1 предмет е донесено решение дека

предлогот за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство се одбива.

- во 2021 година со 27 решенија се изречени привремени мерки за заштита од семејно насилство а во 1 предмет е донесено решение каде предлогот за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство се повлекува.

P/ Пратено по маил на 4.03.2022 2.И